**МЕСЕЧЕН БИЛТЕН-ФЕВРУАРИ 2019 ГОДИНА**

Февруари 2019

| Станица | Tср | Tmax | Tmin | Sum T>5°C | Sum RR | Бр. ден. со врнежи | Tmin почва 5cm | Отстапување N 1981-2010 Tср | RR |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 5.3 | 18.0 | 4.0 | 120.4 | 7.0 | 4 | 2.7 | 2.1 | -22.3 |
| Битола | 4.2 | 17.4 | -0.9 | 74.7 | 18.8 | 8 | 1.9 | 2.5 | -30.9 |
| Штип | 5.3 | 18.0 | 2.4 | 110.2 | 5.4 | 4 | 2.6 | 1.8 | -17.6 |
| Тетово | 3.5 | 17.4 | 2.4 | 42.4 | 15.5 | 7 | | | |
| Струмица | 5.3 | 19.3 | 2.5 | 124.5 | 7.7 | 4 | 3.0 | 1.8 | -35.8 |
| Прилеп | 3.7 | 17.2 | -0.7 | 77.2 | 6.6 | 6 | 1.4 | 1.7 | -25.1 |
| Берово | 1.3 | 15.5 | -2.2 | 34.0 | 9.5 | 5 | 0.0 | 1.3 | -29.4 |
| Гевгелија | 7.5 | 21.5 | 3.9 | 201.5 | 4.8 | 3 | 2.8 | 1.8 | -53.9 |
| Демир Капија | 6.3 | 18.4 | 2.8 | 152.4 | 13.7 | 5 | 0.8 | 2.0 | -30.0 |
| Крива Паланка | 2.7 | 15.8 | 1.0 | 39.4 | 12.8 | 6 | 1.6 | 1.4 | -25.8 |
| Охрид | 3.7 | 15.3 | 0.9 | 59.8 | 20.6 | 4 | | 1.0 | -41.9 |



Променливото време во почетокот на месецот со врнежи од дожд и снег, и топењето на снежната покривка значеше и зголемување на влагата во почвата, како и зголемување на нивото на вештачките акумулации, вода која ќе биде потребна во понатамошниот развој на земјоделските култури.
Варирањето на дневните температури и нивното одржување на пониско ниво, позитивно се одрази врз мирувањето на овошките и виновата лоза, заради сеуште раниот период и постоењето на опасноста од појава на негативни температури во подоцнежниот период.
Во овој период високата влажност во површинскиот слој ги оневозможуваше земјоделците да ги изведуваат кроењата на лозјата и виновата лоза, при што сите овие операции беа одложувани.
Кон средината на месецот повторната промена на времето и разладувањето допринесоа за одржување на состојбата на овошките сеуште во фаза на мирување, но отсуството на врнежи овозможи отпочнување на работите на отворено, околу кроењето.
Покачувањето на температурите во текот на третата декада каде во јужните делови од Републиката достигнаа и 20 $^{o}$C но за среќа со кратко времетраење и продолжи мирувањето на овошките и кај коскестите видови, кои вообичаено се првите кои започнуваат со пролетно обновување на вегетацијата, но таквото време едновремено ја навести и сушата која кон крајот на зимата ја зафати Републиката.
Недостатокот од влага во почвата кон крајот на месецот ги оневозможи земјоделците да го извршат првото прихранување на посевите кои се наоѓаат во ниски фази на развој и истите се во лоша состојба, како резултат на касната сеидба, сушната есен и касното поникнување.
Генерално, февруари им овозможи на овошките и виновата лоза да останат во фаза на мирување, што е добро од аспект на пролонгирање на отпочнувањето на пролетното обновување на вегетација, заради опасноста од појава на касни пролетни мразеви кои со овие операции се обратно пропорционални, колку порано имаме потерување на вегетацијата, толку опасноста е поголема од оштетувања.